# ***ЈПКД "КОМУНАЛЕЦ" ГЕВГЕЛИЈА***

# ПРОГРАМА

## за работни активности на ЈПКД Комуналец Гевгелија за 2016 година

**Гевгелија, јануари 2016 година**

**Изготвил : Директор со**

**раководители на сектор**

# 1.СЕКТОР ВОДОСНАБДУВАЊЕ , КАНАЛИЗАЦИЈА И ГРАДЕЖНА ГРУПА

## 1.1 Производство на вода

Производство на вода опфаќа две бунарски подрачја МОИН и ВАРДАР и резервоар СТОПАНСТВО за град Гевгелија, и резервоари за населените места Стојаково,Богородица,Моин и Мрзенци додека населените местаНегорци, Прдејци,Смоквица и Миравци со Давидово и Милетково со вода се снабдуваат од природни каптажи со резервоари, како посебни системи за водоснабдување а истите населени места располагаат со длабински бунари со капацитет од 20 – 40 л/с кој се употребуваат по потреба (во летниот период).

Со Р.Е. раководи работоводител со 9 техничари Ѣ машинисти на пумпи, 4 чувари на резервоар Стопанство, и 1 електричар на пумпи.

Во изминатата 2015 год. година Градот Гевгелија со населените места Моин,Мрзенци Богородица со Граничен премин,Стојаково,Селемлија ,Индустријска зона ,,Блокотехна,, ,,Негорски бањи,,како и дел од градот Гевгелија се снабдуваа со вода комбинирано од бунарско Подрачје ,,Вардар,, и ,,Моин,, Во населените места Прдејци,Негорци ,Смоквица и Миравци снабдувањето со вода е од природни извори –каптажи со исклучок на летниот период кога недостатокот за вода се надокнадува со активирање на потопните пумпи во длабинските бунари со кои располагаат овие населени места.

Земајки во предвид дека 2015 год. беше релативно поволна во поглед на хидролошката состојба со доволно врнежи од дожд во текот на цела година , сепак со соодветната искористеност на капацитетите на бунарските подрачја успеавме да ги произведеме потребните количини за задоволување на потребата од вода на граганите без притоа да има поголеми нарушувања –недостатоци на вода.

Почнувајки од октомври 2012 год па во континуитет и цела 2013, 2014 и 2015 год. .воспоставивме нов режим на снабдување на вода во зимскиот период со тоа што и за снабдувањето со вода на дел од Гевгелија во овој период се користат бунарите на ,,Вардар,, а се исклучени од системот бунарите бр.3 и 4 на пумпна станица ,,Моин,, со што се обезбедува подобрување на квалитетот на испорачаната вода.

Планираме и во 2016 година да продолжиме со ваквиот план на работа –рационално искористувајки ги капацитетите на расположивите бунарски подрачја и каптажи со кои стопанисуваме а притоа паралелно да инвестираме во подобрувањето на инсталираните капацитети на ,,Бунарските подрачја,, и нивно доопремување.

**План на производство на вода во 2016 год.**

- **Обезбедување годишно производство на вода**

| **Ред.бр** | **Бунарско подрачје** | **Количина на произведена вода** | **забелешка** |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Бунарско подрачје„Моин„** | **2.300 000 м/3** | **12 месеци континуирано** |
| **2.** | **Бунарско подрачје„Вардар„** | **800.000м/3** | **Континуирано 12 месеци** |
| **3.** | **Нас.место Негорци** | **350.000 м/3** | **Комбинирано снабдување** |
| **4.** | **Нас.место Прдејци** | **100.000 м/3** | **Комбинирано снабдување** |
| **5.** | **Нас.место Смоквица** | **50.000 м/3** | **Континуирано (длабински б.)** |
| **6.** | **Миравци** | **400.000 м/3** | **комбинирано** |

**В**рз основа на погоре споменатите податоци,се планира во 2016 година да се произведе **4.000.000 м/3 вода**

| **Планираната структура на потрошувачка на вода по категории на потрошувачи би била следна** |
|---|

| | |
|---|---|
| **Физички лица** | **2.300.000 м/3** |
| **Правни лица** | **500.000 м/3** |
| **Комунални потреби** | **150.000 м/3** |
| **Загуби во системите 26%** | **1.050.000 м/3** |
| **В К У П Н О произведена.** | **4.000.000 м/3** |

**1-Планирани активности за 2016 година:**

- Чистење на резервоар ,,Стопанство,, во месец април
- Чистење на останати резервоар и кои се воексплоатација

(Моин,Стојаково,Богородица,Смоквица,Негорци,ПрдејцииМиравци)

Време на реализација-април,мај и јуни.

- Оградување ,физичка заштита на Резервоари со изградба на ограда

  Од бетонски столбови и плетена мрежа(Прдејци,Богородица,Смоквица)

(временареализацијазаклучносоаприл )

- Редовносервисирање на катодната заштита на потисниот и

доводниот цевовод.-двапати годишно

- Контрола на исправности Сервисирање на 160 кw агрегат

на бунариМоин-квартално 4-ри пати годишно.

**2- Предвидени набавки на основни средства и опрема**

- Реконструкција на бунарско подрачје ,,Вардар,, со замена на колекторски дел,поставување на нови длабински пумпи (3) со комплет нова електрика и автоматика-согласно Изработениот Основен проект.-вредност 4.000 000 ден. Време – прва половина од 2016 год.

**1.2. Анализа и контрола на водата за пиење.**

Квалитетот на водата за пиење и во 2016 год. ќе се контролира бактеролошка,физичко-хемиски, радилошки и биолошки, соодветно со наведените анализи.

Бактериолошкиот преглед ќе се врши во зависност од бројот на жителите, т.е корисници на вода од јавниот водовод еквивалентни жители (Еж) , еден примерок месечно до 5000 жители(Еж).

Хемискиот преглед на водата за пиње ќе се врши во куса форма (мала хемиска анализа) во поглед на матноста, боја, вкус, Рh-вредност, нитрите, Нитрати, хлориди, железо, манган,тврдина на Вода DH и потрошувачка на $KMnO_4$.

Заради контрола на квалитетот на водата согласно препораките на Советот на Општина Гевгелија и ЈЗО-завод за здравствена заштита во 2016 год. ке се зедмаат примероци за бактеролошка анализа и присуство на хлор на секои седум дена –еднаш неделно и ке се прати константно квалитетот на водата во Гевгелија.

ЈЗО-завод за здравствена заштита Велес-Подружница Гевгелија ќе ги зема примероците од вода од одредени места каде водата постојано тече и ќе ги прави редовните анализи како на хлорирана вода така и на сирова вода.

1. **Предвидени активности и набавки на опрема во**

   **Делот на хлорирањето на водата.**

   - Набавка на дозир пумпи со систем на сончев колектор

     за хлорирање на вода во Резервоар ,,Прдејци,,

     Време-февруари-март 2016 г. Вредност 120.ооо ден.

   -Набавка на систем за хлорирање на водата за нас.

   Место Моин. –време Мај износ 80.000 ден.

**1.1.Одржување на водоводниот систем**

Во водовод за оваа година ќе се вршат работни активности во следните области:

1. Контрола на состојбата на водоводната мрежа
2. Приклучок на новопријавени корисници
3. Монтажа на нови водоводни линии.
4. Демонтажа и поправка на водомери
5. Промена и поправка на секторски затварачи на водоводна Мрежа.
6. Изградба на нови водоводни линии –реконструкција на постојните во

   правец на подобрување на водоснабдувањето.
7. Ажурирање на податоци –изработка на подлоги на водоводната

   и канализационата мрежа .

***А*-Во делот на одржување – контрола на водоводната мрежа**

**предвидените активности за 2016 год.воглавно се делат на**

**два сегмента и тоа:**

1.Одржување и интервенции на водоводни приклучоци

на корисниците каде најчесто се интервенира на дефекти

на вентил пред водомер,проблеми со водомерот како и внатрешна инсталација на корисниците.

Согласно долгогодишната пракса ,бројот на корисниците како

и состојбата на водоводните приклучоци предвидуваме

помегу 450 – 550 интервенции.

2. Одржување на примарната и секундарна водоводна мрежа

–улични водоводни линии поправка на дефекти на улична водоводна мрежа во Гевгелија и населените места до 200-250 интервенции.

- Со оглед на фактот да поголем број од поцинкуваните водоводни секундарни линии со дијаметар од 40,50 и 63 мм како и водоводните приклучоци од ½‘‘,3/4‘‘ и 1‘‘ надминуваат старост од 40 години во наредните години предвидуваме зголемување на бројот на интервенции дефекти на поцинкуваните водоводни линии поради нивната зафатеност од корозија и појава на пукнатини за протекување на вода.

***Б***- Во текот на 2016 г согласно поднесените барања за изведба на

Нови приклучоци на водоводната мрежа се планира издавање на согласност и изведба на нови приклучоци и тоа:

А./ Физички лица – домакинства .......100 – 150 бр.

Б./ Правни лица –фирми.....................20 – 50 бр.

предвидениот зголемен број на нови приклучоци се должи

на зголемениот број на новоизградени објекти ,проширувањето

на генералниот урбанистички план како и многуте новодонесени

детални урбанистички планови што се предуслов за забрзан развој на Општина Гевгелија.

***В***- Во согласност со програмата за Изградба на системи

за водоснабдување на Општина Гевгелија ЈПКД „Комуналец,,ке

земе активно учество во доставување на податоци за изработка на предвидените идејни и основни проекти за водоснабдувањето

како и при изградбата на новите водоводни линии согласно

програмата за Водовод и канализација усвоена од Советот на Општина Гевгелија.

**Предвидени проширувања на водоводна мрежа 2016 год.**

- Проширување на водоводна мрежа со дијаметар Ф100 мм должина

**Од 150**-200 метри во делот помеѓу улица ,,Бул.Гевгелија

Караорман ,Новопредвидена и нас.Караорман УБ 8

- Проширување на водоводна мрежа во делот на УБ 4 со диј.ф 100мм

  И должина од 150 метри.(улица Александар Сингер)

- Проширување на водоводна мрежа на ул.7-ми ноември од

  ,,Интер комерц,, до АБЦ пешатница ф 100мм Л =180 м.

- Проширување на водовод на ул.Моински пат до „Динкот,,

  Ф 100мм л = 300 м.

***Г***- Во делот на демонтажа и промена на водомери соглсно на

законските обврски за исправност наводомерите се

предвидува :

- поправка,баждарење и замена на водомери кај

  корисниците во населените места:

Миравци,Давидово и милетково –вкупно 150 бр.

Моин и Богородица –вкуоно 150 бр.

Негорци,Прдејци,Смоквица и Мрзенци – 300 бр.

**1.- Градежен дел –објект**

**А./** Изработка на основен проект за доградба на простории

Во склоп на баждарна станица.

-време ,(јануари и февруари)

- вредност на инвестицијата 18.000,оо ден.

**Б./** Доградба на простории во склоп на баждарна станица

(просторија за прием на водомери,просторија за

чистење на водомери, просторија за вршење на

поправка на водомери и санитарен чвор)

време наз изведба –(март – мај)

вредност на инвестиција – 400.000,оо ден.

**2.- Опрема за баждарна станица**

Потребна е набавка на опрема за чистење на водомери

со пескарење - вредност 300.000 денари.

**3.- Организациона поставеност во баждарница**

Ангажирање на вработени лица согласно потребите

за непречено функционирање на баждарницата

-Двајца водоинсталатери за демонтажа и монтажа

на водомери .

-Двајца баждари –работници за вршење на поправка и

испитување на водомери

-Работоводител-(администратор) на баждарница

**Д.- Во делот на одржувањето,поправките и реконструкција на водоводните линии за 2016 година се предвидени следните активности :**

**-Поправка и замена на секторски затварачи**

Запирањето на водата при појава на дефекти на водоводната мрежа на поголеми реони заради поправка поради неможноста да се исклучат помали реони заради неисправноста на реонските линијски

Затварачи претставува голем проблем во делот на одржувањето на целокупниот водовод.За таа цел предвидуваме во рамките на редовните активности и во 2016 год. да замениме 10-20 линијски вентили со димензии од ф 80 – ф150 кој ке се поставуват на место на неисправните и дотраени вентили и тоа во сите населени места каде водоснабдувањето го врши ЈПКД ,,Комуналец,,Гевгелија.

- **Реконструкција на водоводни линии**

1.Реконструкција-зголемување на дијаметарот од ф150 на ф 250 на дел од доводниот водовод од Бунарско подрачје ,,Вардар,, водолжина од100м.

Вредност на инвестицијата – 400.000,оо ден.

Време на реализација -март-април 2016 г.

2.Реконструкција на регионален водовод (водоводна линија ПВЦ ф225мм) на премин преку река Вардар над мостот до Мотел,,Вардар,,во должина од 175 м поставена на горниот строј од мостот на јужната пешачка патека.(Сегашната местоположба на главната доводна линија ПВЦ ф 225 мм. Е под јужната пешачка патека од мостот поставена на висечки метални држачи кој се обесени на конзолата пешачката патека од мостот.

Поради долгите години на старост –истатае изградена 1981 год. металните држачи на делот каде се обвиткани во стаклена волна поради изолација и заштита од замрзнување се скоро целосно кородирани и распаднати така да и покрај двете интервенции за санација на истите во 2014 и 2015год.постои опасност да истите се обрушат што би

предизвикалпрекинување на водоснабдувањето на корисниците

на потегот после мостот на река Вардар-Граничен премин богородица

,Хотелските комплекси,Фламинго и Принцес,бензинските пумпи

на коридор 10,како и населените места Богородица,Стојаково и Селемлија.

Вредност на инвестицијата 1.000.000,оо ден.

Време на реализација јуни-јули 2016 год.

**- Реализација на предвидени проекти**

Заради добивање на точни показатели за количината на произведената вода на годишно ниво ,нејзина споредба со фактурираната состојба како услов на дефинирање на загубите во водоводниот систем во текот на 2013 год беа поставени три (3) протокомери на бунарските подрачја и резервоар а во 2014 и 2015 год. протокомери на дистрибутивните линии во граот со што ке се мери потрошувачка на вода по одредени зони.За 2016 год.предвидуваме да се воспостави систем на мониторинг-податоците од протокомерите да се сњледат константно од контролна соба –скада систем, односно реализација на проект за поставување на мерно регулациони шахти на неколку зони за Гевгелија и околните населени места.

-Вредност на инвестицијата 1.400.000,оо ден.

**-Прекинување на водоснабдувањето**

Мерката за исклучување на корисниците од водоводната мрежаВо изминативе години беше користена во малку случаи и тоа на исклучување на диви приклучоци и заради користење на вода за наводнување без водомер и во 2016 ке продолжи ваквата активност на исклучување на дивоприклучени корисници .

**-Изработка на подлоги , скици и проекти**

Непостоењето на подземен катастар претставува огромен проблем

При секојдневното работење во делот на одржувањето на водоводната мрежа ,исто така претставува проблем при делот на планирањето на нови проширувања и реконструкции на водоводот.

Поради ваквата состојба во 2010 започнавме со исцртување на постоечката инсталација само шематски на дигитална подлога користејки ги сите постоечки шеми кои можеме да ги прибавиме како и укажувањата на лицата

кои работат долго време во водоводот, со што барем ке располагаме со податоци за распоредот на водоводните и канализациони линии во градот и некои населени места кои ги снабдуваме со вода за пиење.

Во текот на 2016 год. ке продолжиме со активноста за исцртување на нови водоводни линии и кеземеме учество во реализација на активностите за воспоставување на подземен катастар во соработка со Општинските служби и ангажирани геодетски фирми за реализација на проектот.

Потребно е во делот на изработката на скици и подлоги на водоводна и канализациона мрежа вработување на еден ,архитект , градежен инжинер или геодет со познавање на ,,Ауто кад,, и ГИС програмите за вцртување на сите измени во водоводна и канализациона мрежа како и вцртување на новоизградените водоводни и канализациони линии.

Предвидуваме во текот на 2016 год да се изработат идејни и основни проекти за реконструкција или проширување на водоводна мрежа во соработка со проектантски бироа и фирми за сто е потребно да се предвиди во делот на јавни набавки износ од 1.000.000 ден.

**Канализација и градежна група**

Групата за одржување на канализационата мрежа како и градежната група се дел од ЈПКД Комуналец и своите работни задачи и обврски ги извршуваат согласно усвоената годишна програма за работа како и во согласност со пројавените потреби на теренот во склад со своите надлежности. Покрај редовните работни задачи и обврски извршуваат работи за потребите кај другите сектори во претпријатието кога за истото ќе се појави потреба.

Активностите кои се предвидуваат да се извршат во текот на 2016 година во главно се идентични со претходните години со таа разлика што во делот на одржувањето на канализацискиот систем заради поголемиот временски рок на користење, несоодветниот дијаметар на поедини канализациони линии за сегашните услови на користење и наталоженоста во поедини делови со земјаи цврст отпад како и проширувањето на канализационата мрежа во другите населени места во Општината , бројот на интервенции ќе се зголемува перманентно од година во година и постепено поголемо внимание ке се посвети на одржувањето на канализационата мрежа,изведбата на нови приклуцоци како и проширување на канализационата мрежа со нови линии а делот на градежните активност ке биде сведен на минимун само неопходни работи поврзани со дејноста која ја обавуваме –водоснабдување и канализација.

## А-Група за канализации

### 1. ОдржувањенауличнаканализационамрежаикуќнитеПриклучоци

-Се планираат интервенции за отпушување и прочистување на уличните канализациски линии (100-150) кои ќе се одвиваат во текот на целата година, одкоиоколу 100 интервенции би биле со употреба на цистерна за вода под притисок.

-Според досегашните согледувања се предвидува интервенции зарадио тпушување и прочистување на канализационите линии кај физички и правни лица по нивно барање-домашни канализации (100).

-Се предвидуваат интервенции во канализационата мрежа во населените места Богородица и Негорци ,Мрзенци и Миравци 50 -60 на годишно ниво.

-Прочистување и пробивање на постојните улични сливници за прифаќање на атмосферската вода два пати во текот на годината како редовна активност и тоа во месец ( март и април) и во месеците (септември и октомври) со што би биле опфатени 200 -400 улични хоризонтални и вертикални сливници . Во текот на годината доколку се појави потреба од пробивање и прочистување на сливник кој не функционира редовно ќе се интервенира.

2. Одржување на пречистителни станици за фекална отпадна вода во нас.место Миравци и Богородица како и препумпните станици изградени на канализационите системи во Прдејци и Мрзенци (комплетно со електрична инсталација ,автоматика и пумпи) исклучително осетлив и тежок процес за кој што освен во нас.место Богородица (каде имаме ангажирано машинист на прецистителнатастаница) на сите други места немаме ангажирано луге со дефинирани задачи и одржувањето ни претставува потешкотија.

### 2. Канализациониприклучоци

-Се планира изведба на нови канализациони приклучоци на физички и правни лица во градот Гевгелијаод 50-60 бр, и околу 10 – 20 приклучувања во канализацијата на корисниците од населените места Негорци и Богородица (оние корисници кои се усте се немаат приклучено како и нови објекти).Во 2016 год. ке финишираат активностите за приклучување на сите корисници од нас.место Прдејци (останати уште 20 –сетина ) како и завршување со приклучувањата во нас.место Мрзенци каде е потребно да се приклучат уште 50-тина домакинства.

## 3. Реконструкција на канализационата мрежа

-Во делот на реконструкција на постојаната канализациона мрежа во 2016 год. ќе се фокусираме на поправка на оштетените Ревизиони шехти како и замена на оштетените и дотраени лиено-железни капаци и рамови на ревизионите шахти. Ќе се поправаат оштетените Ревизиони шахти во градот.Се предвидува да се обноват околу 30 РШ во делот на горната плоча.

-Заради чести запушувања на делови од канализациони линии предвидуваме Реконструкција на дел од канализационите линии и тоа .Реконструкција на дел од канализациона линија пред комплексот наЗгради на ул.,,Коле Неделковски,, (пред месарница Маја) во должинаод 18 метри .

## 4.Изградба на нови канализациони линиии изработка на идејни Решенија за проширување на канализационата мрежа во Гевгелија и населените места.

- Изградба на нова канализациона линија за индивидуални станбени куки на ул.,,Новопроектирана,, во Гевгелија во должина од 100 м со дијаметар ф 250 мм.УБ 4.

- Изградба на нова канализациона линија на дел од ул.,,Булевар,, Гевгелија со должина од 250 м. Со дијаметар ф 200 мм.

Активно учество во изградбананововиканализационилинии за населените места Моин и Давидо во соработка со надлежните органи при Општина Гевгелија Ђодделението за Комунални работи и локални патишта, преку учество во реализацијата на предвидените проекти и годишни програми од областа на комуналната инфраструктура од делокругот на работите на ЈПКД Комуналец.

## 5. Организациона поставеност во делот на одржување на канализација

Со оглед на фактот дека од година во година се повеке се зголемува обемот на активностите и потребниот ангажман во делот на одржувањето на канализационата мрежа, спроведувањето на се поригорозните законски прописи во оваа сфера како и фактот дека со новите цени е формирана и посебна цена за канализација потребно е да се изврши измени во делот на систематизацијата и да се предвиди потребниот број на извршители (стручни за извршување на потребните работи) со кои би можело соодветно ,навремено и квалитетно да се извршат сите потребни активности во овој сегмент според укажаните потреби и барањата од корисниците.

.Согласно горенаведенотоПотребно е да се формира посебно оделение во склоп на секторот со потребниот број на вработени кои исклучиво би биле ангажирани на проблематиката на Одржување на канализационата мрежа во Општина Гевгелија.

( Во досегашниот период целокупната активност и интервенции во овој дел се извршува од страна на пет (5) извршители кои воедно се и Градежна група со безброј други обврски и активности, од кои 4-ца се општи физички работници и еден е КВ мајстор.)

Во делот на одржувањто на пречистителните и препумпните станици потребно е ангажирање на еден (електичар или машинист) како и еден водоинсталатер кои би имале задача да се грижат исклучиво за функционирањето на истите.

**6. Набавка на потребна опрема**

За 2016 год. се предвидува набавка на:

- Набавка на опрема за откривање и детекција да запушувања во канализационите и водоводните улични инсталации со видео надзор.
- Набавка на ново повекенаменско возило-цистерна за отпушување на канализационата мрежа во општина гевгелија.

**-Градежна група**

Вотекотна 2016 година се предвидуваат следниве активности:

**1. Активност на градскигробишта**

-Изработка на двојни и единечни бетонски оквири на новиот дел на градските гробишта 60-80 бр.

**1. Градежни активности за потребите на ЈПКД „Комуналец“**

-Санација на прекопани делови од улица или тротоари по извршени интервенции од наша страна за отстранување на дефекти или изведба на приклучувања на водоводната и канализационата мрежа со бетонирање или поставување на бекатон коцки, - 100 м/2.

-Изградба на нови и реконструкција на постојни Ревизиони водоводни и канализациони шахти, - 50 бр.

## 2.Сектор Комунална хигиена, депонија, градски пазар, механичка работилница, градски гробишта со капела и спортски објекти

Програмата за одржување на комуналната хигиена за подрачјето на Општина Гевгелија за 2016 година е изработена согласно Законот за комунални дејности, Законот за управување со отпадот која во суштина ги третира индивидуалната и јавната комунална потрошувачка.

Поблиските односи на правата и обврските помеѓу давателот и корисниците на услугите, регулирани се со одлуката за комунален ред на Општина Гевгелија бр. 02 од 03.04.1998 година.

Со програмата се опфаќа:

1. **собирање, транспортирање и депонирање на комунален , комерцијален и друг вид на неопасен, цврст технолошки отпад**
2. **одржување чистота на јавно прометни површини**
3. **стопанисување и одржување на градски пазар**
4. **стопанисување и одржување на градски гробишта со капела**
5. **стопанисување и одржување на спортски објекти**

**( тениско игралиште, спортска сала “Партизан”)**

### 1. Собирање, транспортирање и депонирање на комунален , комерцијален, и технолошки цврст отпад

Со програмата се опфатени градот Гевгелија со населените места од општината:

- Смоквица
- Прдејци
- Негорци
- Богородица
- Стојаково
- Моин
- Ново Конско
- Конско со викенд населбата “Смрдлива Вода”
- Миравци
- Милетково
- Давидово
- Мрзенци

Собирањето, транспортирањето и депонирањето на комуналниот смет и технолошки отпад, зависи од потребите, културно-социјалните навики на населението и од видот и бројот на садовите за сместување на истиот. Нивото на услуга, начинот и динамиката на собирање смет и негово транспортирање и депонирање, претставува една заокружена целина.

# ОПЕРАТИВЕН ДЕЛ

За извршување на овие дејности, претпријатието располага со следниот возен парк

-Застава 650 . . . . . . . . . . . . . . 8м³ . . . . . . 1
-Ивеко . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 8м³ . . . . . . 1
-Мерцедес “Атего”. . . . . . . . 8м³ . . . . . . 1
-Мерцедес “Еконик” . . . . 18м³ . . . . . . . 2
-Митсубиши “Фусо” . . . . . . . 8м³ . . . . . . 1
-ФАП ...самоподигач . . . . . . . . . . . . . . . . 2

Динамиката за извршување на активностите во овој сектор, се дадени табеларно во следниот прилог

РАСПОРЕД
за изнесување на смет од улиците по денови во неделата (камион 1)

| Ред. број | Улица | Вк. Дом. | пон | втор | сред | четв | пет | саб |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 7-ми Ноември | 71 | 71 | | | | | |
| 2 | Ѓорче Петров | 17 | 17 | | | | | |
| 3 | Г. П. Одреди | 86 | 86 | | | | | |
| 4 | Смилевска 1 и 2 | 27 | 27 | | | | | |
| 5 | Панде Дуганов | 18 | 18 | | | | | |
| 6 | Македонија | 78 | 78 | | | | | |
| 7 | М. Тито – Библ. – Ж. Станица | 130 | 130 | | | | 130 | |
| 8 | Југославија | 12 | 12 | | | | | |
| 9 | 7-ми Ноември – дел центар | 10 | | 10 | | | | |
| 10 | Земунска | 16 | | 16 | | | | |
| 11 | С. М. Данко (со сокаци) | 115 | | 115 | | | | |
| 12 | Таља Бикова | 28 | | | 28 | | | |
| 13 | Питу Гули | 28 | | | 28 | | | |
| 14 | Нако Вардарски | 14 | | | 14 | | | |
| 15 | Кочо Рацин | 33 | | | 33 | | | |
| 16 | Владо Кантарџиев | 27 | | | 27 | | | |
| 17 | Јане Сандански | 26 | | | 26 | | | |
| 18 | 26-ти Април | 25 | | | 25 | | | |
| 19 | Булевар Гевгелија (излез) | 20 | | | 20 | | | |
| 20 | Белградска | 17 | | | | 17 | | |
| 21 | Ѓорѓе Стамов (со сокаци) | 28 | | | | 28 | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 22 | Гоце Делчев (со сокаци) | 71 | | | | 71 | | |
| 23 | 11-ти Октомври (со сокаци) | 54 | | | | 54 | | |
| 24 | Борис Кидрич | 10 | | | | | 10 | |
| 25 | Коле Неделковски | 21 | | | | | 21 | |
| 26 | Булевар Гевгелија (влез) | 16 | | | | | 16 | |

РАСПОРЕД

за изнесување на смет од улиците по денови во неделата (камион 2)

| Ред бр. | Улица | Вк дом. | пон | втор | сред | четв | пет | саб |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | М. Тито | 170 | 170 | | | | 170 | |
| 2 | Моински пат (со сокаци) | 62 | 62 | | | | | |
| 3 | Кукушка | 23 | 23 | | | | | |
| 4 | Ристо Јанев | 26 | 26 | | | | | |
| 5 | Иво Лола Рибар | 51 | | 51 | | | | |
| 6 | Борис Карапузов | 8 | | 8 | | | | |
| 7 | Скопска | 39 | | 39 | | | | |
| 8 | Петар Мусев | 47 | | 47 | | | 47 | |
| 9 | Ванчо Прке | 89 | | 89 | | | | |
| 10 | Кожуф | 29 | | 29 | | | | |
| 11 | Мицо Шаренков | 27 | | | 27 | | | |
| 12 | Ристо Шуклев | 34 | | | 34 | | | |
| 13 | Деко Ковачев | 61 | | | 61 | | | |
| 14 | Миле Пецанов | 35 | | | 35 | | | |
| 15 | 4-ти Јули | 22 | | | 22 | | | |
| 16 | Воденска | 11 | | | 11 | | | |
| 17 | Митко Зафиров | 55 | | | 55 | | | |
| 18 | Булевар Гевгелија | 10 | | | 10 | | | |
| 19 | Леонид Јанков | 23 | | | 23 | | | |
| 20 | Радован Ковачевиќ | 33 | | | | 33 | | |
| 21 | Партизанска | 39 | | | | 39 | | |
| 22 | Панче Пешев | 38 | | | | 38 | | |
| 23 | Сава Михајлов | 63 | | | | 63 | | |
| 24 | Никола Карев (со сокаци) | 100 | | | | | 100 | |
| 25 | Караорман (со сокаци) | 20 | | | | | 20 | |
| 26 | Индустриска зона – Ракита | 16 | | | | | 16 | |

РАСПОРЕД

за изнесување на смет од улиците по денови во неделата (камион 3)

| Ред. Бр. | Улица | Вк. Дом. | пон | втор | сре | четв | пет | саб |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Лена Ѓорова | 17 | 17 | | | | | |
| 2 | Мирче Ацев | 38 | 38 | | | | | |
| 3 | Мечкин Камен | 6 | 6 | | | | | |
| 4 | Самоилова | 17 | 17 | | | | | |
| 5 | Ѓоко Тутушев | 27 | 27 | | | | | |
| 6 | Југославија | 20 | 20 | | | | | |
| 7 | Јанко Урдинов | 34 | 34 | | | | | |
| 8 | Браќа Миладиновци | 44 | 44 | | | | | |
| 9 | Железничка | 39 | 39 | | | | | |
| 10 | Илинденска | 40 | 40 | | | | | |
| 11 | Страшо Пинџур | 17 | | 17 | | | | |
| 12 | Ристо Фаршинин | 53 | | 53 | | | | |
| 13 | Васо Карајанов | 33 | | 33 | | | | |
| 14 | Кирил и Методиј | 36 | | 36 | | | | |
| 15 | Димитар Влахов | 51 | | 51 | | | | |
| 16 | Илија Миов | 90 | | 90 | | | | |
| 17 | Рајко Жинзифов | 34 | | 34 | | | | |
| 18 | Солунска | 33 | | | 33 | | | |
| 19 | Танче Камберов | 76 | | | 76 | 76 | | |
| 20 | Титоградска – дел | 40 | | | 40 | | | |
| 21 | Сараевска | 51 | | | 51 | | | |
| 22 | Загребска | 62 | | | 62 | | | |
| 23 | Димитар Влахов – дел | 12 | | | 12 | | | |
| 24 | Ристо Чавдаров | 10 | | | 10 | | | |
| 25 | Јосиф Јосифовски | 106 | | | 106 | | | |
| 26 | Ѓорѓи Велков | 18 | | | 18 | | | |
| 27 | Лена Ковачева | 14 | | | 14 | | | |
| 28 | 1-ви Мај | 30 | | | 30 | | | |
| 29 | Крушевска | 11 | | | | 11 | | |
| 30 | Ристо Бојмалиев | 63 | | | | 63 | | |
| 31 | Титоградска – дел | 40 | | | | 40 | | |
| 32 | Серменинска | 76 | | | | | 76 | |
| 33 | 7-ми Ноември (кон Мрзенци) | 40 | | | | | 40 | |

РАСПОРЕД

за изнесување на смет од населените места Негорци, Прдејци, Смоквица, Миравци, Милетково, Давидово, Мрзенци, Богородица, Стојаково, Моин и Ново Конско

| Реден број | Место | Вк. Дом. | Пон. | Вторник | Среда | Четвр. | Петок |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Негорци | | * | | | | * |
| 2 | Прдејци | | * | | | | * |
| 3 | Смоквица | | * | | | | |
| 4 | Миравци | | | * | | | |
| 5 | Милетково | | * | | | | |
| 6 | Давидово | | * | | | | |
| 7 | Мрзенци | | | * | | | * |
| 8 | Богородица | | * | | | | * |
| 9 | Стојаково | | | * | | | |
| 10 | Моин | | | | * | | |
| 11 | Ново Конско | | | | * | | |

РАСПОРЕД НА ПОСТАВЕНИ САДОВИ ЗА СМЕТ ОД 1.1 $м^3$

| Реден број | Улица/Правен субјект | Број | $м^3$ |
|---|---|---|---|
| 1 | Булевар Гевгелија | 8 | 8,8 |
| 2 | Деко Ковачев | 9 | 9,9 |
| 3 | Македонија | 3 | 3,3 |
| 4 | Страшо Пинџур | 5 | 5,5 |
| 5 | Мирче Ацев | 1 | 1,1 |
| 6 | Коле Неделковски | 9 | 9,9 |
| 7 | Булевар – краен дел - топлик | 1 | 1,1 |
| 8 | Вардар осигурување | 2 | 2,2 |
| 9 | Бункер зграда | 1 | 1,1 |
| 10 | Солун дирекција | 3 | 3,3 |
| 11 | Јавор Џоко | 1 | 1,1 |
| 12 | Шимов | 2 | 2,2 |
| 13 | Хотел Фламинго | 4 | 4,4 |
| 14 | Граничен премин | 8 | 8,8 |
| 15 | Терминал | 4 | 4,4 |
| 16 | Хотел Аполонија | 5 | 5,5 |
| 17 | Промес | 1 | 1,1 |
| 18 | Конти – Мрзенци | 1 | 1,1 |
| 19 | Мотел Вардар | 2 | 2,2 |
| 20 | ПТТ | 1 | 1,1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 21 | Русе Комерц | 2 | 2,2 |
| 22 | Стил Технолоџи | 2 | 2,2 |
| 23 | Караула | 1 | 1,1 |
| 24 | МВР | 1 | 1,1 |
| 25 | Ветеринар | 1 | 1,1 |
| 26 | АС Специјал | 1 | 1,1 |
| 27 | Физикална | 1 | 1,1 |
| 28 | Макпетрол | 4 | 4,4 |
| 29 | Илинденска | 9 | 9,9 |
| 30 | Трговски центар | 3 | 3,3 |
| 31 | Љубљанска | 3 | 3,3 |
| 32 | Сава Михајлов | 12 | 13,2 |
| 33 | 11-ти Октомври | 2 | 2,2 |
| 34 | Загребска | 4 | 4,4 |
| 35 | Титоградска | 2 | 2,2 |
| 36 | Белградска | 2 | 2,2 |
| 37 | Гоце Делчев | 3 | 3,3 |
| 38 | Булевар – запад | 2 | 2,2 |
| 39 | Затвор | 2 | 2,2 |
| 40 | Борис Карапузов | 3 | 3,3 |
| 41 | Петар Мусев | 3 | 3,3 |
| 42 | Спортска сала | 2 | 2,2 |
| 43 | Железничка | 3 | 3,3 |
| 44 | Випро { Прдејци } | 1 | 1,1 |
| 45 | Градски пазар | 3 | 3,3 |
| 46 | Хотел НАР | 1 | 1,1 |
| 47 | ЕВН | 1 | 1,1 |
| 48 | Автобуска | 1 | 1,1 |
| 49 | Панде Дуганов | 6 | 6,6 |
| 50 | Негорски Бањи | 3 | 3,3 |
| 51 | Градски гробишта | 5 | 5,5 |
| 52 | Факултети при универзидет “Г.Делчев” | 1 | 1,1 |
| 53 | Основен суд | 3 | 3,3 |
| 54 | Општина Гевгелија | 1 | 1,1 |
| 55 | Стар Пионерски Дом | 1 | 1,1 |
| 56 | Градинка “Детска Радост” | 4 | 4,4 |
| 57 | ОУ “Владо Кантарџиев” | 2 | 1,1 |
| 58 | Давидово | 3 | 3,3 |
| 59 | Смоквица | 7 | 7,7 |
| 60 | Прдејци | 12 | 13,2 |
| 61 | Негорци | 30 | 33 |
| 62 | Богородица | 13 | 14,3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 63 | Хотел Принцес | 5 | 5,5 |
| 64 | Миравци | 20 | 22 |
| 65 | Милетково | 2 | 2,2 |
| 66 | Мрзенци | 11 | 12,1 |

РАСПОРЕД НА ПОСТАВЕНИ САДОВИ ЗА СМЕТ ОД 5 $м^3$

| Реден број | Улица/Правен субјект | Број | $м^3$ |
|---|---|---|---|
| 1 | Градски гробишта | 2 | 10 |
| 2 | Железничка | 2 | 10 |
| 3 | Богородица | 3 | 15 |
| 4 | Виви Текс | 1 | 5 |
| 5 | ЈЗУ Општа Болница | 2 | 10 |
| 6 | СОУ "Јосиф Јосифовски" | 1 | 5 |
| 7 | Психијатриска Болница – Негорци | 1 | 5 |
| 8 | Технопродукт | 1 | 5 |
| 9 | НОЕЛ | 4 | 20 |
| 10 | 7-ми Ноември | 1 | 1,1 |
| 11 | ЕВН Стопански двор | 1 | 5 |
| 12 | Граничен премин | 2 | 10 |
| 13 | Негорци | 5 | 25 |
| 14 | Тедико | 1 | 5 |
| 15 | Моин | 2 | 10 |
| 16 | Ново Конско | 2 | 10 |
| 17 | Бекарт | 1 | 5 |
| 18 | Јоско Јуниор | 1 | 5 |
| 19 | Казино Базен | 1 | 5 |
| 20 | Русе Комерц | 1 | 5 |
| 21 | Паскалин | 1 | 5 |
| 22 | Меркјури | 1 | 5 |
| 23 | | | |
| 24 | | | |
| 25 | | | |
| 26 | | | |
| 27 | | | |

Претпријатието врши редовно изнесување и отстранување на сметот во наведените населени места. Во текот на изминатиот период , населените места Миравци, Милетково и Давидово, целосно се опфатени со камионско собирање на смет.

## План и активности за 2016 година

-редовно собирање изнесување на сметот од домаќинствата и дворните места

-подигање на контејнерите што се распоредени низ градот и околу станбените комплекси, секој ден од понеделник до петок,а контејнерите во централното градско подрачје,по фреквентни улици, како "Бул. Гевгелија " , " Деко Ковачев " , "Илинденска " , "панде Дуганов " и други, се собираат и во сабота и недела

-одржување и чистење на бетонските платоа за контејнерите, од смет (невнимателност на граѓаните, но и растурање од мачиња и кучиња скитници)

-поставување на уште 50 (педесетина) нови контејнери од 1,1 $м^3$, со што ќе се задоволат потребите на одредени делови од градот, на поедини станбени комплекси и на помалите населени места во општината

-изнесување на смет од индустриските и други деловни објекти

-изнесување на смет од населените места на општината што се наведени претходно во програмата два пати неделно

-изнесување смет по повик на граѓани или правни лица надвор од планот и динамиката утврдени за таа намена

-дејствување и постапување по пријави од Општински и Државни инспекциски служби

-во рамките на финансиската состојба на претпријатието и во координација со Општинските и Државни релевантни фактори, набавка на стандардни садови за смет за индивидуалните корисници

-набавка на големи најлон-ќесиња и нивно распоредување меѓу граѓаните, корисници на нашите услуги за собирање на PET амбалажа

Селектирање на смет од физички лица. Посебно органски и био-разградлив смет, а посебно пластика, хартија и картон. Органскиот и био-разградливиот смет ќе се става во црни ќеси, а хартијата и пластика во безбојни (или по договор во некоја друга боја) ќеси. Населението ќе биде известено и информирано со флаери, медиумско известување, школи и др. Во почетокот ќе биде опфатен само градот, а потоа и другите населени места во општината. Собирањето ќе се врши еднаш до двапати неделно, спрема потребите на теренот. Поради тоа, треба да се има во предвид и зголемување на трошоците за гориво, бидејќи возилата ќе бидат дополнителни на терен од вообичаената маршрута и програма. Ќе се склучат договори со претпријатија и фирми што работат со селектиран отпад (хартија, пластика, стакло и др.) со што би се остварила дополнителна финансиска корист. Проблемите со дивите собирачи на пластика и хартија, ќе се решаваат со соработка помеѓу претпријатието и општинските комунални инспекции (комунален инспектор, инспекторат за животна средина и екологија и др.) и полиција.

**Напомена:**

-Возилата и средствата за извршување на овие дејности се со голема старост и амортизираност

-Често доаѓа до дефекти на моторните делови, а почесто и на самата надградба и хидраулика

-Со тоа понекогаш се намалува квалитетот и темпото за извршување на дејностите

-Посебно застарени, амортизирани и во лоша состојба се двата камиона од типот “FAP” – автоподигачи за контејнери од 5 $м^3$

Неопходна е набавка на барем едно такво возило, со што би се подобрила ефикасноста и квалитетот во давањето услуга и што е уште поважно, ќе се намалат трошоците за поправки, резервни делови, гориво и др.

Исто така во лоша состојба е возилото “Zastava” 850 rotopress. Потребна е набавка на такво возило, бидејќи истото е мало по волумен и лесно влегува во мали и тесни улици.

## 2. Одржување чистота на јавни прометни површини

Одржувањето, метењето, чистењето и миењето на јавно прометните површини, плоштад и тротоари, зависи од повеќе услови, потреби и параметри:

- Фрекфенција на луѓе и моторни возила
- Густина на население
- Степен на нечистотија
- Изградба на објекти
- План за одржување
- Социјални и културни навики на граѓаните

Одржувањето на јавно прометните површини се врши со:

- Рачно метење
- Машинско метење
- Рачно миење
- Миење со цистерна

# ОПЕРАТИВЕН ДЕЛ

За извршување на горенаведените активности, претпријатието располага со следните средства:

-FAP – цистерна...................1

-машини за метење............4

-рачни метли

Планот и динамиката за одржување на јавно прометните површини е прикажан во следниот табеларен приказ

## ПРЕГЛЕД НА ЈАВНО ПРОМЕТНИ ПОВРШИНИ

Одржување шест пати неделно

(рачно-машинско чистење)

| Реден број | Улица | м² |
|---|---|---|
| 1 | Маршал Тито | 12800 |
| 2 | ГП Одреди | 3450 |
| 3 | 7-ми Ноември | 4050 |
| 4 | С.М. Данко | 10080 |
| 5 | Радован Ковачевиќ | 4290 |
| 6 | Јосиф Јосифовски | 5090 |
| 7 | Спомен Костурница | 1550 |
| 8 | Ристо Фаршинин | 2000 |
| 9 | Мирче Ацев | 2300 |
| 10 | Таља Бикова | 2800 |
| 11 | Булевар Гевгелија | 12800 |
| 12 | Илинденска | 1500 |
| | Вкупно | 62790 |

ЈПКД "Комуналец" врши редовно метење, миење и одржување на овие површини.

## План и активности за 2016

-Редовно чистење, метење и одржување на улиците, тротоарите и останатите јавно прометни површини

-Зголемување на површините за одржување

-Подобрување на квалитетот во извршувањето на активностите

-Ставање на ќесиња за смет и нивна редовна замена на уличните канти

-Постапување по пријави и решенија од комуналниот инспекторат и инспекторатот по екологија

-Спречување на создавање мини депонии на разни точки во градот како и надвор од него

-Вонредно чистење, метење, миење низ градот при одржување на разни

манифестации, собири, концерти, добротворни приредби и др.

-Чистење (метење) и средување на централното градско подрачје во недела и празнични денови

-Миење и разладување на улиците во летниот период, кога температурите се високи

## Напомена:

Поради честото оштетување, уништување и запалување на малите улични канти што служат за ситни отпадоци од пешаците, опушоци и др, а кои се поставени во централното градско подрачје, плоштад, булевар, основни и средни училишта, потребно е нивно заменување.

Претпријатието редовно ја одржува чистотата на јавно прометните површини и централните подрачја во околните населени места во Општината, влезот и приодните патишта во градот. Претпријатието ја одржува чистотата и хигиената на местата предвидени за спорт и рекреација, како што се пешачките патеки кон река Вардар, Негорски Бањи, спортски објекти, тениско игралиште и др.

Согласно законот за комунални дејности, извршувањето на комуналните дејности се обавува со надокнада (односно со плаќање). За одржување на јавно прометните површини, постои програма и оперативен план врз основа на што се склучува договор меѓу Советот на Општина Гевгелија и Ј.П.К.Д. “Комуналец”, после што се отпочнува со работењето на одржувањето на јавно прометните површини за што и нарачателот на работите и извршителот на работите имаат взаемни обврски и права во вид на должничко – доверителни односи, согласно нашиот ценовник.

## 3.Стопанисување и одржување на градскиот пазар

Градскиот пазар има површина од 2600 $м^2$ на која се поставени 110 бетонски тезги и 70 метални тезги, а има место за уште 70 тезги на улиците “7-ми Ноември” и “Борис Карапузов”, што се пополнуваат од самите корисници-излагачи.

Работната единица “Комунална Хигиена”, максимално се ангажира за одржување на чистотата со што овозможува висок степен на хигиенско-санитарни услови. Градскиот пазар и просторот околу него, се одржува секој ден со метење, а после секој пазарен ден се чисти, се мети, се подига сметот и се мие со вода

Со веќе отпочнатите активности од страна на Општината за изградба на нов градски пазар, ќе се наметне потребата од активности во смисол на пренос на тезги и други материјали, набавка на нови модерни тезги, средства за одржување на хигиена и др.

## План и активности за 2016 година

-редовно одржување на пазарната површина
-резервација на тезги и наплата на пазарна такса
-одржување о обновување на тезги
-наплата од дуќани и киосци
-организирање на пазарниот ред на градскиот пазар
-редовно чистење и миење на пазарот

### Механичка работилница

Механичката работилница се грижи за исправноста на возниот парк, во смисол на одржување и поправка на возилата , како и сите други помали машини, моторни косачки и секаков вид на алат што се користат во претпријатието. Во работилницата се врши поправка и одржување на контејнерите од 5 $м^3$ и 1,1$м^3$.Исто така се изработуваат делови, но и цели комплети на урбана опрема, како што се лизгалки,лулашки,вртелешки и други предмети за забава на децата во градот и околните населени места

## 4.Управување и одржување на градски гробишта со капела

Градските гробишта со капела се на површина од 43500 $м^2$ заграден простор.

Активности за одржување на градските гробижта се :

-парцелизирање и бетонирање на нови гробни места
-бетонирање на нови пристапни патеки
-обновување и бетонирање на старите оштетени патеки
-одредување на гробно место за закоп на починато лице
-редовно собирање и отстранување на смет
-косење и отстранување на трева и коров од патеките и околу гробните места

-поставување на нови чешми за потребите на новиот дел

-поставување на нови пултови за помен на починатите

### Напомена:

Во согласност со Законот за гробишта и погребална дејност и поделбата на дејностите **Управител** и **Оператор** , ЈПКД **“** Комуналец “ се јавува како Управител на градските гробиштаи ги извршува дејностите предвидени со законот.

Во текот на изминатата година, поточно од месец септември 2015 година, претпријатието склучи договор со две претпријатија за извршување на погребалните услуги, односно **Оператори**.Со тоа се исполнуваат законските обврски што се наведени во законот за Гробишта и погребални услуги.

Во текот на 2016 година неопходно е да се исечат поголем дел од дрвјата ( бор ) што се наоѓаат во дел од блок бр.2, поради причина што повеќето од нив се делумно исушени,некои целосно исушени, наведнати и др.Со кршење и паѓање на поголеми гранки, или на цели дрвја, постои опасност од оштетување на надгробните споменици.За сечење на дрвјата,поднесени се и неколку барања од граѓани, со образложение дека корените на дрвјата им ги подигат спомениците а со тоа постои опасност од оштетување.

## Активности за функционирање и работење на градската капела

-навремен прием на покојните во градската капела
-сместување на покојните во ладилникот (комора)
-навремено изложување на покојните на одарот во капелата
-обслужување за време на погребниот обред во капелата
-пренос на покојниот до гробното место за закоп
-одржување на хигиенско-технички услови во капелата
-одржување на зеленилото и хигиената околу капелата

# Стопанисување и одржување на градска депонија

Градската депонија е со површина од 10,000 м² ограден простор. На истата се депонира смет од повеќето населени места во Општина Гевгелија и градот Гевгелија, како од индивидуални создавачи на смет, така и од правни лица и фирми создавачи на смет.Се депонира разновиден комунален и друг вид на неопасен цврст технолошки отпад,отпадоци од конзервно производствени погони, винарската индустрија и др.

Депонијата е обезбедувана со чуварска служба 24 часа дневно.

## Напомена:

Со започнување на изградбата на пречистителната станица, површината на самата депонија и местото за депонирање смет е многу намалена.Потребно е секојдневно машинско прибирање на истовареениот смет и негово набивање.Исто така, депонираните количини смет треба редовно да се покриваат со одреден слој земја или сличен матерјал. Машината со која располага претпријатието { Скип JCB } неможе да ги задоволи потребите за извршување на овие дејности

За навремено, ефикасно и квалитетно да се извршат горе-наведените активности, неопходно е да се набави специјално возило (булдожер – гасеничар).

## Напомена:

Поради секојдневното депонирање големи количини  смет на мала површина, за краток временски период ќе биде потребно изнаоѓање решение, односно Општината со Советот на град Гевгелија да одреди нова локација.Место каде што освен депонирање , ќе се врши и селектирање, со цел за економска добит и одржливост на дејноста.

# 5.Стопанисување и одржување на спортски објекти

Со одлука на Советот при Општина Гевгелија бр. 07-2213/1 од 25.08.2011 на Ј.П.К.Д. "Комуналец"-Гевгелија, му се дава на користење и одржување спортски објекти:

-Спортска сала ДТВ "Партизан" во Гевгелија
-Тениско игралиште (дупло) во кругот на поранешна касарна

Одржувањето на тениското игралиште ќе се состои во чистење, метење, како и одржување и косење на околината околу игралиштето. Одржување на оградната мрежа, одржување на рефлекторите за ноќно играње и одредување термини за користење на игралиштето.

## Напомена:

Ценовникот, односно висината на надоместокот за наплата при користење на спортските објекти (термини)  го одредува Советот на Општината.

Спортската сала ДТВ "Партизан" е во лоша состојба, со оштетени (искршени) прозорци и стакла, внатрешни врати. Во самата сала сите справи се оштетени и искршени. Санитарниот јазол е неупотреблив. Таванот во салата е со поголеми оштетувања и дупки. Во планот и програмата за 2015 година, предвидено е постепено ставање во функција на одредени делови во објектот. Поправање на кровот, поправање на прозорци и стакла, реновирање на санитарниот јазол и др.

## 3. ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО

Претпријатието Ј.П.К.Д. Комуналец- Гевгелија, ги одржува тревниците (парковите) и зелените површини како во градот така и во околните населени места од Општината и викенд населбите Хума, Конско и Смрдлива Вода.

Одржувањето се врши на повеќе начини..

• Машинско косење

• Рачно косење

• Кастрење

• Садење на цвеќе

• Садење на дрвја (листопадни и зимзелени) и други видови растенија

• Полевање на цвеќиња и наводнување на тревни површини

• Чистење и отстранување смет од самите паркови и зелени површини

За косење трева Паркови и зеленило располага со 7 тримери , 3 машини за косење трактор косачка Хонда и машина за собирање листови која исто се користи за дување на тревата од тротоарите.

Зелените површини(паркови) во самиот град изнесуваат околу 35.180 м и 43.680 м зелени површини околу колективните станбени објекти. Исто така и влезот на градот, канал Раул просторот околу стара касарна и Градски гробишта.

Косењето исто така се изведува рачно односно со коса во зависност од видот и висината на тревата.

Исто така одржување се врши во следните населени места: Горничет,Мрзенци,

Негорци,Прдејци,Богородица,Миравци,Милетково,Давидово,Моин,Смоквица

Гореспоменатите места се косат неколку пати во годината, а посебно внимание се обрнува на локалните празници(панаѓури),како и насезоната за косење.

Редовно кастрење гранки во зимскиот период поради обликување на дрвјата, како и поради непречено движење на пешаците по тротоарите и непречено одвивање на сообраќајот по улиците во самиот град.

Одржување на патни правци:

Фабрика Зора-Негорци,Богородица-Стојаково,Пат за Богородица-Панов мост-старо школо,Кружен тек од касарна-Ново Конско,Пат за Богородица-раскрсница преку хотел- Принцес, пред Милетково до Миравци и Миравци-Давидово ,Давидово-железнички премин. Косење,кастрење,метење и полевање на граничен премин Богородица ,одржување (косење и др.) на Динќут и Вардарски рид. Редовно кастрење грмушки и жбунести растенија,неколку пати во годината во зависност од потребите и видот на растенијата.

Во гаража Комуналец има два пластеника(фолии) во кои се произведуваат од 15-18000 цвеќиња за потребите како на самиот град така и околните населени места.

Се произведуваат исто така и други видови растенија,дрвца грмушести растенија од семе и од резанки.

Редовно полевање на цвеќиња и наводнување на паркови од кои поголем дел се покриени со системи за наводнување.Неколку од системите за наводнување треба да се заменат бидејки се расипани или скршени од несовесни граѓани посебно деца.

На насадите  со цвеќе редовно се врши прашење и ѓубрење.

За одржување на парковите и зеленилата потребна е набавка на:

• Семенски материјал за тревни површини и цвеќиња
• Набавка на вештачко ѓубриво и средства за заштита(инсектициди,фунгицидии др.)
• Замена на веќе напоменатите оштетени распрскувачи
• Нови распрскувачи, поради зголемената површина на тревници и површини со цвеќиња.
• Резервни делови за сите видови машини,тримери,косачки,пили за сечење дрвја и др.
Планирано е исто така и реновирање на фонтаната на центарот на плоштад Гевгелија.
• Санирање на оштетени тротоари
• Урбано одржување, поправање на клупи,детски игралишта,лулашки и поставување нови
•Комплетно реновирање на сите детски игралишта и поставување нови во Гевгелија и населените места
• Чистење на канал (Раул)

***<u>Напомена</u>***

Опремата што служи за извршување на наведените активности е во разнолика амортизираност и максимална искористеност,посебно во пролетниот и летниот период.

Работната единица Паркови и зеленило, има набавено возило со багажен простор (пик-ап модел,комбе)  за да бидеме во можност да ги опфатиме сите населени места и самиот град.

**1.**

| **Реден број** | **Косење и наводнување** | **Површина** |
|---|---|---|
| 1. | Чекори | 2300 |
| 2. | Алатница | 500 |
| 3. | Владо Кантарџиев | 200 |
| 4. | Пиперана | 400 |
| 5. | Конти Хидропласт | 6500 |
| 6. | Трансбалкан | 5700 |
| 7. | Железничка | 4120 |
| 8. | Кружен тек Слободан Митров Данко | 400 |
| 9. | Автобуска станица | 400 |
| 10. | Водна заедница | 300 |
| 11. | Театар | 3500 |
| 12. | Шеталиште | 600 |
| 13. | Општински суд | 2500 |
| 14. | Костурница | 1150 |
| 15. | Виолета парк | 3160 |
| 16. | Касарна - кружен тек | 450 |
| 17. | Канал Раул | 2000 |

**Вкупно:** **35,180 м2**

**2.**

| **Реден број** | **Згради и други објекти** | **Површина** |
|---|---|---|
| 1. | 11ти Октомври | 500 |
| 2. | Сава Михајлов | 7100 |
| 3. | Коле Неделковски | 10270 |
| 4. | Љубљанска | 3450 |
| 5. | Илинденска | 6300 |
| 6. | Околу градинка Цветови | 3170 |
| 7. | Гоце Делчев и кошаркарско игралиште | 1500 |
| 8. | Пионерски дом | 2000 |
| 9. | Загребска | 540 |
| 10. | Титоградска | 500 |
| 11. | Царински бараки | 500 |
| 12. | Булевар Гевгелија и Деко Ковачев | 5000 |
| 13. | Мултинаменско игралиште | 4450 |
| 14. | Влез на Гевгелија од Шимов до надвозник | 400 |

**Вкупно:** **43,680 м2**

# 4. КОМЕРЦИЈАЛНО НАПЛАТЕН СЕКТОР

Годишни активности на Комерцијално-наплатниот сектор кои се планираат во 2016 година се :

По завршените активности во реализација на програмата на КФВ банката во процесот на замена на водомерите со далечинско отчитување, со ажурирање на базата на податоци за корисниците,во текот на 2016 година ќе бидат завршени договорите со корисниците кои имаат гробно место и во оваа година ќе се фактурира оваа услуга за гробарина на една годишна сметка.Овие сметки се планира да се изготват во текот на месец април/мај.Редовните активности кои ќе се извршуваат се :

- читање и контрола на водомери, (редовна контрола на новите далечински водомери ,контрола на механички водомери и читање состојби,евиденција во месечна книга, изготвување списоци за неисправни водомери и нивназамена )
- изготвување и внесување на податоци за месечни сметки и фактури
- дополнување на постоечките матични податоци согласно новите законски регулативи,( заправнилица - содоставанафактури во хартиена форма ипои-меил), промени во другите податоци (за одведување урбани отпадни води кај новите приклучоци, за евиденција на изнесување отпад кај корисници во околните места и сл.)
- ќе биде укинато фактурирањето на јавна чистота за реон 5-Стојаково и Селемлија,по барање на комуналното претпријатие Богданци
- ќе се превземат активности за префрлање на фактурирањето на водата во реон 5 во надлежност на комуналното претпријатие од Богданци, по договорот кој ќе биде постигнат помеѓу двете општини
- компјутерска обработка на податоци
- месечно изготвување сметки (за физички) и фактури (за правни) лица
- годишно изготвување на сметки за гробарина на корисниците изјаснети за оваа услуга
- финансиско задолжување по корисник по шифра за физички лица и по шифра за правни лица
- редовна и навремена достава на сметки и фактури
- фактурирање на останати услуги и извршени работи
- фактурирање услуги кон корисниците и операторите на погребалните услуги
- изготвување и издавање одобренија за погребални услуги кон корисниците и операторите на погребалните услуги
- наплата на побарувања (на лице место при достава, преку благајна и преку банков извод)
- редовно раздолжување на сметки од инкасатори (за сметки до 2007 година) и новозадолжениот инкасатор со сметки, завршување на пописите со предавање на сметки
- достава на дневниподатоци за финансиско раскнижување
- изготвување месечни пресметки по инкасатор со искажување на посебни податоци за вода, ѓубретарина, погребни услуги, баждарење, надоместоци и данок на додадена вредност
- изготвување месечни пресметки за правни лица со сите параметри од фактури
- изготвување на извештаи за наплата од домаќинства
- изготвување на извештаи за наплата од правни лица

- изготвување и достава на опомени на корисници-нередовниплаќачи
- изготвување на списоци за исклучување и достава до Техничка служба при сектор водовод
- анализа на спроведенитеизмени на постоечкиот распоред на потрошувачи по реони за инкасаторите со воведените нови водомери, по потреба дополнителни промени
- потпишување на договори за водоснабдување со нови корисници (правни и физички лица)
- изготвување на списоци на неплатени сметки и фактури за тужби во правен сектор

Подобрување на наплата со превземање на одредени мерки преку следните активности :

-повеќе контакти на инкасаторите на лице место со корисниците, посебно за потпишување на договори за отплата на рати

- дополнување на податоците за секој корисник-домаќинство со склучување на договори со сите останатикорисници и правни и физички лица кои не го сториле тоа
- редовност во контролата на состојбата на водомерите, посета на лице место при секоја реакција
- пријавување на неисправни водомери за поправка и баждарење
- достава на опомени по неплатен долг
- достава на списоци за утужување на ненаплатените побарувања
- достава на списоци за исклучување на нередовните плаќачи по доставените опомени
- контрола на бараните услуги
- достава на податоци за склучување на договори за наплата на заостанат долг

Наплатата на повеќе финансиски средства ќе значи сигурно и стабилно работење на претпријатието а ќе може да се инвестира во нови основни средства, опрема, материјали и поефикасно работење.

Во делот на комерцијата и набавките, и оваа година ќе биде изготвен план за јавни набавки, согласно законските прописи . За набавките на потребни стоки, услуги и работи , ќе се спроведува постапка, аќесе набавува сопомализалихи како не би се затварале финансиски средства непотребно.

Што се однесува до набавките на нови основни средства кои се планираат, ќе бидат извршени доколку бидат обезбедени финансиски средства.

## Автобуска станица Гевгелија

Во 2016 година,автобуска станица Гевгелија ќе работи секојдневно од 05  до 21 часот.Основни задачи кои ќе се извршуваат се :продажба на билети, заверка на билети и редовна услуга на сите патници и фирми превозници , нудење информации и помош за реализирање на патувањата на корисниците на сите релации.

За користење на пероните и редот на автобуската станица ќе се грижат вработените во две смени секој ден.Секојдневната евиденција на влез-излез на автобусите ќе се врши од страна на дежурниот работник.Хигиената во автобуската станица и надвор од неа редовно ќе се одржува – два пати во денот.Делот на хортикултурното уредување на околните зелени простори ќе биде во соработка со секторот паркови и зеленило.

Во 2016 година ќе се продолжи со воведена наплата со дебитни и кредитни картици, преку пост терминал. Исто така се планира да се отпочне да функционира и продажбата на Е-билети, преку новиот модул за кој се извршени подготвителните работи.

Во соработка со превозниците , посебно за релацијата Гевгелија-Скопје се работи на изнаоѓање решение за превоз во деновите на и по празници и викенди , со модел на однапред закажување и резервација, како би можеле патниците да бидат задоволни и сигурни  а  превозниците однапред спремни.

**Наплата на надоместок за влез во простор за паркирање и прифаќање на патници-мигранти**

Наплатата  на надоместокот за влез во простор за паркирање и прифаќање на патници-мигрантиопределена од Советот на Општина Гевгелија ќе се врши во 24 часовни дежурства за кои однапред ќе бидат определени смени на вработени во ЈПКД Комуналец Гевгелија и вработени во Општина Гевгелија.Со сите превозници ќе бидат склучувани договори.

Евидентирањето на превозниците - такси возила и автобуси,  ќе се врши редовно при секое тргнување од определениот паркинг простор а евиденцијата на податоците за превозниците редовно ( на дневна основа или подетално) ќе бидат доставувани до Центарот за управување со кризи согласно нивните барања.

Наплатените средства ќе бидат распределувани согласно одлуката на Советот на Општина Гевгелија и  за нив ќе се води посебна евиденција и за нив ќе се води и ќе бидат искажувани на посебна книговодствена сметка.За неплаќачите на надоместокот ќе бидат превземани мерки за наплата и санкции, заеднички во соработката со надлежните од Општина Гевгелија.

## 5. ФИНАНСИСКО-СМЕТКОВОДСТВЕН СЕКТОР

Финансиско сметководствениот сектор во 2016 година ќе ги реализира следните активности:

Ажурно водење на целокупното материјално - финансиско работење според Законотзасметководствоимегународнисметководственистандарди.

Се грижи за навремено доставување на финансиските документи од комерцијалниот сектор, материјалната евиденција од магацинерот, изводите за состојбата на паричните средства во деловните банки. По нивно прибирање ја подготвува документација и ја ажурира во книговодствените книги по хронолошки редослед.

Изготвува секојдневно касови извештаи односно евидентирање на благајничкото работење и истите се ажурираат во сметководствените книги.

Врши обработка на материјалната евиденција со изготвување на приемници и задолжување на магацинерот воедно и негово раздолжување и врши усогласување со материјалната евиденција што се води во магацинот.

Врши месечна пресметка на плати и нејзино реализирање преку исплата на придонеси од за должително социјално осигурување, персонален данок,нето плати и надоместоцинаплата.

Изготвува месечна пресметка на данок на додадена вредност со евидентирање на влезните и излезните фактури.

Изготвува месечна и годишна пресметка на данокот на добивка.

Изготвува, тромесечни и годишни финансиски извештаи.

Врши аналитичко раскнижување на сите уплати по каса прими, банкови изводи и други финансови документи на домаќинства и изготува секојдневни групни извештаи по инкасатори.

Врши книговодствено усогласување со своите комитенти, испраќа ИОС обрасци за усогласување на состојбата на побарувања од купувачи и обврски спрема добавувачи.

Ја следи финансиската ситуација и согласно расположивите средства врши исплата на обврски према добавувачите.

**Планирани годишни приходи од активностите на Програмата за 2016 год.**

| | |
|---|---|
| Приходи од вода | 34.000.000.- |
| Приходиодканализација | 11.400.000.- |
| Приходи од чистота | 21.500.000.- |
| Приходи од гробарина,капела и др. | 5.000.000.- |
| Приходи од пазар | 2.000.000.- |
| Приходи од водоводни услуги | 2.100.000.- |
| Приходи од баждарење | 2.000.000.- |
| Приходи од градежна група и канализација | 1.000.000.- |
| Приходи од одрж.ЈПП,паркови и депонии поправка и одржување урбана опрема | 13.500.000.- |
| Приходи од автобуска станица | 3.000.000.- |
| Други приходи | 4.300.000,- |
| Останати приходи | 2.000.000.- |
| **Вкупно планирани приходи** | **101.800.000,-** |

**Планирани трошоци за реализација на активностите од Програмата за 2016 год.**

| | | |
|---|---|---|
| Потрошени материјали,резервни делови и ситен инвентар | | 9.000.000.- |
| Вкупно потрошена енергија | | 12.500.000.- |
| -потрошена електрична енергија | 7.700.000.- | |
| -потрошено гориво | 4.800.000.- | |
| Производни транспортни и другиуслуги | | 3.000.000.- |
| Други надоместоци на вработени и граѓани дневници за службено патување и | | 2.000.000.- |
| Амортизација | | 7.800.000.- |
| Трошоци за промоција, пропаганда, реклама, репрезентација и спонзорство | | 400.000.- |
| Премии за осигурување | | 200.000.- |
| Бруто плати | | 55.500.000.- |
| Вредносно усогласување на побарување | | 4.000.000.- |
| Други трошоци и расходи | | 6.000.000.- |
| **Вкупно планирани трошоци** | | **100.400.000.-** |

## 6. СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ

Во сектор за општи и правни работи во 2016 година се предвидува да се извршуваат редовни тековни работи поврзани со примена на законите за сите дејности на претпријатието и усогласување на работењето со истите. Посебно ќе се врши усогласување со Законот за административните службеници, но и спроведување на законите од комуналните дејности така што ќе се усогласува и работењето согласно можните измени и дополнувања на Закон за јавни претпријатија, Закон за снабдување со вода за пиење и одведување отпадни води, Закон за управување со отпад, Закон за гробишта и погребни услуги и други закони.

Оваа година се планира да се склучуваат договори за доделување на употреба со дел од корисницитекои се носители на гробни места. Склучувањето на корисничките договори ќе се евидентира во одделен деловодник. Исто така ќе се склучуваат и други договори за потребите на работењето на претпријатието.

По потреба ќе се изготвуваат акти на претпријатието, а особено изготвување систематизација на работните места согласно ЗАС и ЗРО.

Ќе се спроведуваат постапки за јавни набавки, а за таа цел е потребно да се заврши и обука организирана од страна на Биро за јавни набавки.

Пред надлежни нотари редовно ќе се поднесуваат предлози за издавање решенија за дозвола за извршување, ќе се врши следење на предметите до нивно реализирање и наплата на долговите, а ќе се поведуваат и извршни постапки за присилна наплата. Пред надлежни судови се спроведуваат постапки преку поднесување тужби по разни основи. Движењето на активностите и работата по судските предмети и постапки ќе се води евиденција во одделен деловодник за судски предмети.

Во врска со работните односи на вработените ќе се спроведуваат активности поврзани со правата и обврските на вработените, како и усогласување со Законот за административни службеници на систематизацијата и со издавање решенија согласно работните места.

Ќе се подготвуваат седници на органите на управување и надзор и записници, одлуки и заклучоци кои произлегуваат од нив.

Во соработка со општинските служби, претпријатието во 2016 година ќе продолжи со примена на системот "48 часа".

Редовно ќе се организира и води архивата и архивското работење на претпријатието. Сите предмети се евидентираат во соодветни деловодници и уписници.

Ќе се организира и спроведува потребните активности во хигиено-курирска и чуварска служба.

По потреба ќе врши и други општи и правни работи во претпријатието.

ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија